**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИЕСЕТ И ПЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 12.12.2023 година**

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и петтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 12.12.2023 година**

Седницата започна во 15:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-9048/2 од 12.12.2023 година се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**6.** Предлог - Одлука за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "6"** беше усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "6" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година;
2. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2;
3. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци;
4. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари; и
6. Предлог - Одлука за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **23 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Цршево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка на ГП 54 - СИ 04 - Блок 3, КП - 1117/21, КО Маџари, со **25 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2023/2024 година, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15:25** часот.

**Број 09-9142/2**
**од 27 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот